**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 15 април 1999 година**

Седницата се одржа во Големата сала на Република Македонија, со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Радмила Шеќеринска, Љубомир Поповски, Горѓи Спасов, Александар Талевски и Јордан Бошков, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието.

На седницата присуствуваат: Претседателот на Република Македонија, господин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Го молам претседателот на Република Македонија, господин Киро Глигоров, да му се обрати на Собранието.

Повелете, Претседателе.

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Почитуван господин Климовски,

Почитувани пратеници,

Дами и господа,

Овој парламентарен дом неколку дена расправаше по Информацијата на Владата на Република Македонија за актуелната безбедносна состојба во земјата. Го ислушавте воведното излагање на премиерот Георгиевски и ги изнесовте своите видувања за таа Информација. Би сакал пред вас да ги изложам моите оценки за извонредно сложената ситуација во која се наоѓаме и истовремено да ве информиран за активностите преземени од моја страна, за активностите на Советот за безбедност, како и за интензивните контакти што ги има со моите колеги од други држави и со претставници на странски земји, меѓународни организации и институции.

Република Македонија е гранично подрачје во чија непосредна близина се одвиваат и воените активности на Војската на Југославија на Косово и дејствијата на т.н. Ослободителна војска на Косово и воените дејствија на НАТО врз цели на Косово и врз СР Југославија. Нема потреба да кажам дека близината на зоната на судири ја става нашата земја во една извонредно комплицирана, тешка и напната ситуација. Веднаш, меѓутоа, да кажам и тоа дека, сепак, можам да оценам дека Република Македонија успева досега да ја зачува својата стабилност и тоа внатре во земјата, во секогаш чувствителните меѓуетнички односи, но и во односите со соседите.

Од самиот почеток на кризата на Косово нашиот став е еден и непроменет се залагаме за изнаоѓање мирољубиви средства за надминување на недоразбирањето и судирот до кој дојде на Косово. Тоа се впрочем, е ставот што го имавме и го застапувавме во целиот процес на дисолуција на бившата СФРЈ. Од една единствена причина Секакво прибегнување кон други, воени средства како начин за решавање на политички проблеми, не е решение само по себе, туку неизоставно ќе бара повторно порано или подоцна, политички преговори.

Со тоа се раководевме и во целиот процес на осамостојување на Република Македонија. Длабоко верувам дека тоа беше исправна одлука. Република Македонија може да биде горда што се издигна на балканскиот синдром да создава држави со крвта на своите деца.

За жал, не секаде на просторите на поранешна Југославија се имаше истиот приод. И, за жал, некои од лидерите на новонастанатите држави сметаа дека силата е најсилниот аргумент во разговорите. И наместо поука, по сите војни во Словенија, во Хрватска, во Босна во кои Милошевиќ успеа да загуби се што србите имаа освоено како територии на кои се населувале силата, со огромна воена премоќ на Војската на Југославија, беше повторно употребена на Косово да се расчисти со таканаречената Ослободителна војска на Косово, но и против граѓаните на СР Југославија. На тоа, за жал, одговорот беше идентичен: исто таква воена сила

на меѓународната заедница.

Случувањата на Косово денес се дел од тој процес на распаѓањето на некогашната држава СФРЈ и како такви треба да се согледуваат. Тоа мора да се има предвид кога се зборува и кога се оценува ва развојот на настаните во и околу Косово. Целата криза во поранешната СФРЈ, всушност, и почна како спротивставување на започнатиот процес на демократизацијата на општеството, како во доменот на економската преобразба, така и во политичката сфера. Случувањата на Косово кон крајот на 80тите беа симболот на антидемократските обиди на господинот Милошевиќ и почеток на распаѓањето на СФРЈ. Денешните настани на Косово се ист таков грчевит обид од страна на Милошевиќ да го подзапре демократизирашето на Србија нешто што таа држава кога тогаш ќе мора да го оствари.

Во тој контекст треба да се бара и решението за Косово. Истакнувавме иека е неопходно на Косово да му се вратат сите некогашни стекнати права, да се даде широка автономија на Покраината, повторно да се отворат институциите, Универзитетот во Приштина, Академијата на науките и уметностите и постепено да се работи на градење на доверба загубена во десетгодишната прекината комуникација меѓу албанците и србите. Сметам дека Договорот од Рамбује сето ова го обезбедува. Основниот принцип што тој Договор го застапува е непроменливост на меѓународните граници, и покрај различните толкувања што се појавија во врска со делот што говори за статусот на Косово после три години. Договорот од Рамбује јасно наведува дека за евентуално изјаснување околу идната судбина на Косово после три години е потребна согласност на двете страни. Тоа требаше да се има предвид.и од едните и од другите. Истовремено, верувам дека присуството на сили на НАТО на Косово, како што предвидуваше Договорот од Рамбује, не беше гаранција за Србија токму за опстојувањето на принципот на непроменливост на меѓународните граници. А не спротивно.

Водејќи се од таквиот став, Република Македонија дозволи распоредување на сили на НАТО на своја територија, кои треба да заминат за Косово да го имплементираат понудениот Договор од Рамбује, верувајќи дека тоа е прифатлива рамка за албанците на Косово и за Владата во Белград. Од тука и јасниот став што Република Македонија го имаше во однос на овие сили, за нивниот мандат и нивната мисија.

**КИРО ГЛИГОРОВ**: (Продолжение)

Уште при изготвувањето на базичниот договор за присуство на НАТО во Македонија, изнесовме дека за нас како соседна СР Југославија, но и за сите други соседи тоа важи е неприфатливо тие сили да бидат употребувани во било какви офанзивни дејства против било кој наш сосед, вклучувајќи ја и СР Југославија. Истовремено, го повторивме и претходно изнесениот став прифатен и на една од нашите меѓупартиски средби дека територијата на Република Македонија не може да се користи за воени дејствија против кој и да е наш сосед. Позицијата на Република Македонија беше сфатена од страна на НАТО и до денес се почитува.

Силите на НАТО распоредени во Република Македонија се со мандат за надгледување и спроведување на Договорот, кога таков ќе биде постигнат, и за овозможување на мирно враќаше на бегалците од Косово. Мислам дека тоа треба да биде сфатено од Белград и при-фатено од г-динот Слободан Милошевиќ како разумно решение и излез од оваа воена и опасна ситуација за целиот регион. Скоро две години траеја политичките разговори и облици за постигнување на некаков договор за Косово со разни посредници од страна на ОБСЕ, од Европската унија, од Контакт групата, од САД и слично. Ни еден не вроди со резултат. Посегањето по воени средства од страна на Меѓународната заедница следеше по дипломатскиот неуспех и откако сите мирни средства за решавање на кризата беа исцрпени. Сега сме сведоци на воздушни удари на НАТО против Југославија, со цел да се ослаби воената и репресивна моќ на властите во Белград, за жал и со уништување на бројни инфраструктурни објекти кои се дело на вредниот српски народ и сите други што живееја заедно во таа бивша

држава. Колку порано г-динот Слободан Милошевиќи прифти спогодбено решение, толку подобро за неговата земја, за српскиот народ, но и за регионот во целост. Иако тој опстојува на власта и во моментов има поголема политичка поддршка отколку порано, илузија е да се мисли дека тоа не значи и излегување како победник од оваа војна. Прашањето на кое г-дин Милошевиќ мораше да има одговор уште на самиот почеток е како неговата земја да излезе со што помалку штети од оваа криза, а не како што слушнав малку порано на Телевизија дека изјавил за некој странски весник дека Србија ќе се бори до последниот човек.

Идниот договор за Косово, кој е пожелно да биде спогодбено постигнат, во суштина ќе мора да оствари уште една значајна цел: демилитаризација на Косово, што ќе значи повлекување на Војската на Југославија, но истовремено и комплетно разоружување и неутрализирање на Ослободителната војска на Косово. Оттука и сметаме дека меѓународното воено присуство на Косово е потребно за имплементација на она што ќе биде договорено.

Почитувани пратеници,

Дозволете ми да се осврнам и на проблемот со бегалците кој директно ја вовлече Република Македонија во случувањата на Косово и секако значи обид за дестабилизација на нашата држава.

Неспорно е дека која и да е држава што ќе се соочеше со толкав огромен број бегалци во толку краток период не ќе можеше промптно и успешно да одговори на такви предизвици. Дури и Алијансата беше затечена и требаа неколку дена додека НАТО почна да дејствува. Иако воените планери во Брисел мораа да калкулираат и со еден ваков егзодус како обид на Белград да ја прелее кризата во соседните земји, па нив и директно да ги вовлече во судирот.

Имајќи го искуството од заедничкото живеење во некогашна Југославија, кога неретко се правеа обиди недоразбирањата на Косово, па и судири, да се пренесат иг.во Македонија, предвидувавме ваква можност. Согласно големината на земјата, бројот на жителите, економските состојби, како и етничкиот состав на населението во Република Македонија, предвидениот бран на бегалци што го калкулиравме до бројка од 400 илјади души беше оценет како дестабилизирачки фактор по националната безбедност на Република Македониа. Оттука, во Министерството за одбрана беше изготвен план за префрлање на бегалците до Република Албанија како нивна матична земја или таканаречен коридор. За ова беа известени мегународните фактори. Исто така сметав за потребно пред повеќе од една година за тоа да ја известам и јавноста да почне расправа, да се размислува за една од таквите можности не значи и единствена. Во тоа немаше ништо тајно, ниту, пак, станувашe збор за некаков антиалбански, просрпски, или незнам каков друг однос. Едноставно, се работеше за прашаше од национална безбедност на нашата држава.

Колку тоа е вистина покажа и ситуацијата со која Република Македонија се соочи. Планираниот и изведен масовен егзодус на Албанците беше со цел да се дестабилизира Република Македонија. Тоа во почетокот можеби и не се согледуваше така, ниту пак, очигледно, се имало реална проценка за бројот на бегалците со кои ќе се соочи државата. Оттука, половичните решенија за сместување на бегалците по домови, потоа неприфаќањето да се изградат кампови во кои бегалците би се сместиле и на крај состојбата на Блаце.

На седницата на Советот за безбедност одржана на

22 март беше констатирано дека капацитетот на Република Македониа за прифаќање на бегалците од Косово е до 20 илјади што, инаку, беше и оценка на Владата на Република Македонија. Веќе на 2 априлкога беше одржана наредната седница на Советот за безбедност,

а бројката на бегалците во нашата земја веќе надминуваше 50 илјади,

на границвата веќе чекаа за прифат уште толку и повеќе.

**КИРО ГЛИГОРОВ:** (продолжение)

Заради опасноста од загрозување на земјата, нарушување на јавниот ред и мир, економскиот колапс и предизвикување политичка нестабилност, Советот констатира дека РМ објективно неможе да го прифати вака големиот број бегалци, заклучи односно препорача на Владата итно да се преземат натамошни зајакнати мерки на границата на земјата и спречување на се поголемиот Зрој илегални преминувачи, а на граничните премини да бидат пуштени онолку

бегалци за колку Меѓународната заедница ќе обезбеди организиран прифат за нивните земји.

За само десетина дена реално прифатливиот број бегалци во нашата земја беше надминат за пет пати, што и доведе до онаква ситуација, каква што беше на преимнот Блаце.

Вчера и денес повторно се соочуваме со нов голем бран бегалци од Косово. Се говори веќе и во весниците и на електронските медиуми за толпата околу 50 илјади , која се движи према нашата граница. Државата и Меѓународната заедница се подготвени сега , отколку порано да се соочат сонив, но останува неколку пати истакнуваниот факт дека државата има ограничени можности за прифат на бегалци, а тие одамна и во голем дел се надминати. Мегународната заедница мора да го има фактот и во наредниот период на границата на Македонија и на Албанија, притисокот од нови бегалци ќе продолжи, особено ако се продолжи со оваа практика на депортација на луѓе. Не се работи за бегалци кои бегаат само од страв од бонбардирање, туку се и директно цели села и градови чистат, а луѓето се упатуваат кон Македонија и Албанија. Ако идејата на предизвикувањето ваков егзодус е да се из-врши етничко чистење на Косово, треба да се смета дека регионот ќе биде соочен со милион до милион и седустотини илјади раселени лица од Косово.

Во врска со ова сакам да укажам на неколку работи.

Прво, Советот за безбедност неноси никакви одлуки. Советот е затоа Совет што може да разгледува каква е состојбата, да дава оценки, да констатира , а по потреба и да заклучи и препорача. Но, не одлучува , особено не за такви прашања со какви бевме соочени сега кога беше пред сите нас проблемот како да ја сочуваме внатрешната сигурност и безбедност на нашата земја. За тоа може да одлучува секој според своите функции , претседателот на државата, Владата, чии министри учествуваат во работата на Соватот, како и Собранието на РМ.

Второ, границите на РМ никогаш не биле затворени. Република Македонија единствено неможеше да прими повеќе бегалци и ја повика Меѓународната заедница да го подели товарот со нас. Не значеше ништо ако сите оние што беа на границата не ја преминеа, а ги имаа оние услови што бие на Блаце, односно немаа ништо.

Трето, уште истата вечер на 2 април по седницата на Советот на безбедност побарано од силите на НАТО сместени во нашите касарни , нив да ги напуштат и во тие капацитети да бидат сместени прифатените бегалци од Блаце. Бидејќи нашата војска ги напушти касарните, да направи место за гостите од НА.ТО. А, сега, ни дојдоа гости од надвору Тоа не беше сторено. Но, дури кога тоа го побаравме од престав-ниците на НАТО, тие почнаа да се ангажираат посилно во обезбедувањето помош за справување со бегалците , кои беа во таков број, што за нив едноставно немаше решени или комплетно решение. Сакам да ја искористам оваа можност за да им се заблагодариме на претставниците на НАТО, на меѓународните хуманитарни организации, на одделните земји и поединци кои дадоа помош на РМ. Очекувам нивно разбирање и во иднина, посебно околу фактот дека, иако државава им даде привремен престој на бегалците, тие треба да бидат преземени од други земји. Во врска со тоа,очигледно, постои една крупна начелна разлика. Ставот на НАТО и на Европската унија колку што јас го разбирам во разговорите што ги имав со разни државници од тие земји е дека бегалците треба да бидат сместени во земјите кои се најблиску до Косово, а не да се распоредат по разни европски и евентуално други земји.

Нашиот став е спротивен од тој. Ние сметаме дека неможе целиот тој товар, иако тоа по прво размислување од страна на НАТО или Европската унија може да биде логично. Да, бегалците да се сместат толку близу до Косово, така што утре кога ќе навлезе војската на НАТО да го имплементира договорот да можат веднаш да бидат вратени во своите домови. Но, при тоа се заборава дека се работи две економски слаби држави , кои неможат тоа сами да го поднесат. И не е работата во тоа да ни се ветува само хуманитарна помош и тн. што е секогаш добродојдено но проблемот е што вкупните трошоци и последици кои произлегуваат од тоа на политички, економски и секој друг план , ги преминуваат нашите сили и нашите можности. Затоа, ако е тоа војна која ја води НАТО против Југославија и ако во таа војна се сите свесни за последиците кои од неја ќе произлезат и за соседните земји и за Европа, тогаш треба и товарот да се подели.

Четврто, се спомнува дека РМ несакала да ги смести беглаците од Косово во оние капацитети што ги користеа бегалците од Босна. Во врска со ова сакам да напомнам дека во текот на целата војна во Босна па и ден денес во РМ престојувале 80 илјади бегалци од Босна, но, тој број е во текот на сите години и постојано варираше, бидејќи едни бегалци од Босна доаѓаа, други заминуваа во странство или се враќаа назад и никогаш во РМ во еден момент не било 8 0 илјади. Исто така, за бегалците од Босна, РМ беше подготвена , имаше капацитети, организирано ги примаше и организирано ги испраќаше. во други земји.

**КИРО ГЛИГОРОВ:** (продолжение)

Бегалците од Косово, како што реков, дојдоа веднаш, во огромен број, што е една отежнувачка околност за нас. Другата е што во Владата не постоеше секогаш согласност за изградба на кампови за сместување на бегалците туту се прифати идејата на кој институраше дел до минситрите, за сместување по приватни домови.

Оттаму, и денес не се знае точниот број на бегалците во Македонија.

Петто, поради силниот наплив на бегалци на границата, моравме да донесеме одлука за делумна мобилизација во Армијата на АРМ. Бројот на мобилизираните лица е приближно еднаков, со бројот на припадниците на сините шлемови, кој по Кинеското вето во Советот за безбедност, мораа да: ја прекинат својата мониторинг мисија на северната и западната македонска граница. Не е време да се преоценува некои потези кои доведоа до ова или онаа одлука. Но, сметам дека внимателно треба да се промислуваат решенијата, пред за нив да бидат донесени одлуки. Длабоко верувам дека и сликата за состојбите со бегалците ќе беше поинаква доколку на границата беа припадниците од Мисијата на ОН. Истовремено ќе можевме да се потпреме и на нивните извештаи за обидите за илегално преминување не ретко и од страна на припадници на Ослободителната војска на Косово.

Мисијата на ОН беше распоредена по нашата граница со согласност од Белград. Но не е случај со силите на НАТО. Мисијата на ОН имаше прецизен мандат врзан за Република Македонија. Силите на НАТО во Македонија немаат мисија и мандат во Република Македонија. Тие чекаат да им се создаде можност да преминат на Косово, Тие имаат воена сила во случајов дефанзивно. Точно е дека се извесна Но основната грижа и преокупација и тоа би сакал да го подвлечам, за безбедноста и внатрешната стабилност на Република Македониа мора да биде приоритетна обврска самите да се грижиме за сопствената безбедност, сувереност и интегритет.

Почитувани пратеници,

Би сакал да одговорам на некои критики за третманот на бегалците од Косово, кој го поврзуваат третманот кон нив од страна на македонските власти со националната припадност на бегалците имплицирајќи поради тоа уште во старт негативен однос кон нас. Дозволете ми како Македонец да кажам ако некој ги разбира сите трауми, семејни, лични, трагедии на бегалците, без оглед на националноста, тоа се секако Македонците.

Минатата година одбележавме 50 години од егзодусот на Македонците од Грција. И по 50 години голем број од тие бегалски семејства се некомплетни. Насјголемиот дел од нив никогаш не се вратиле во своите домови. Па дури и нивните внуци и ден денес неможат да запалат ниту свеќа на гробовите на своите предци во Егејска Македонија. А тоа е само еден од тие егзодуси, кои го имаат погодено нашиот народ.

Уште еднаш сакам да потенцирам дека Република Македонија максимално води сметка за хуманитарните аспекти на состојбата на бегалците. Меѓутоа, изразувам голема загриженост поради огромниот број на бегалци од Косово. И се дури е таков бројот и дури постојат реални опасности, тој број да биде уште повеќе зголемен, можеби и удвоен, тоа неможе никој од нас да го симне од својата совест и од грижата за тоа како, при тие услови да ја сочуваме и безбедноста и сигурностас на земјата. Поради економските и социјалните ограничувања на државата, ние не сме во можност да ги прифатиме сите бегалци кои пристигнуваат од Косово и тоа го кажуваме отворено. Тоа не е некаков наш план да спречиме да дојдат бегалци и така натаму, туку колку е реално можно во сегашните услови да ги прифатиме, да ги згрижиме и да им обезбедиме основни цивилизациски услови за живот.

Истовремено, земјата трпи огромни економски штети. Јас слушнав

повеќе од поголем број од пратениците кои говореа токму за тој проблем. Затоа нема многу да се задржувам на тоа, што е пред нашите очи и што секој ден го круни нашето стопанство, му ја намалува моќта и способноста за нормална работа за извоз, за експанзија. При сето тоа, приоритет со кој раководството мора да смета е интересот за безбедноста на нашата земја. Токму поради сите страдања, низ кои бегалците од било која националност мораа да минат, должни сте, кога ќе ги примите да им изразите почит, да го респектирате нивното човечко достоинство и да им обезбедите хумани услови за сместување. Република Македонија тоа неможеше да го направи, за 130 илјади бегалци од Косово и особено покрај тие 130 илјади беа 50 илјади на меѓуграничниот простор на Блаце и 60 илјади, некаде прочитав дека тоа била колона од 17 километри луѓе кои се движеле кон Македонија. Тоа значи уште толку бегалци, колку што сега имаме во земјата. Затоа и ни се случи Блаце, поради кои сеуште во странските медиуми, Македонија е ставена на столбот на срамот. Никој при тоа нема да спомне дека срамот е подеднаков на сите, но особено на оние кои навистина, ги затворија своите граници и за бегалците од Косово, а ја обвинија Македонија за недозволен третман. Колку за илустрација, за оние 70 илјади колку што чекаат од страна на СР Југославија, Република Македонија ќе се соочеше со толкав број бегалци, кој ќе берше 13% од вкупнотонаселение кое живее во Македонија. Ако тој процент го примениме на пример, на САД со повеќе од 270 милиони жители, оваа земја би требало да прими нешто повеќе од 35 милиони бегалци. Тоа и за една богата и голема Америка е невозможно и неспроведливо. Затоа кога се говори, па што е тоа 130 илјади бегалци, тоа може една држава да го реши тој проблем.

**КИРО ГЛИГОРОВ**:(Продолжение)

Се заборава на тоа дека сме два милиони жители и дека сме толкава територија колкава што сме. Или тоа во случајот на Германија би значело близу 6 милиони бегалци да треба веднаш да прими. И она не е во состојба тоа да го направи.

Сега дозволете накратко да Ве информирам и за разговорите што интензивно ги водев со низа мои колеги или соговорници од странство, за овие прашања, иако, впрочем бев информиран и преку соопштението за јавноста, од мојот кабинет. Само да потсетам, во кус временскио период разговарав дирекно или телефонски со бројни државници, со турскиот претседател Демирел во два наврати, со францускиот претседател Ширак, со американскиот претседател Клинтон, со германскиот сојузен канцелар Шредер, со претседателот на Швајцарската федерација госпогата Драјфуз, со генералниот секретар на Обединетите Нации Кофи Анан, со генералниот секретар на НАТО Солана и Врховниот командант на здружените сили на Европа, на НАТО, генерал Кларк, со државниот секретар на САД госпоѓа Олбрајт, и со нејзиниот заменик Строуб Талбот, со бројни министри и меѓународни функционери. Нема ден сега, било премиерот или јас или некој од министрите да не примиме по тричетири странски посетители. Едно време кога беше донесена Лисабонската декларација,никој не доаѓаше овде. Залудно се трудевме да поканиме некого да ја посети Македонија, да ја слушне и нашата вистина. Прећутно или договорно, незнам, беше бојкотирана нашата земја. Денес кога се случувањата околу нас такви и значењето кое конечно и го определија на Македонија како еден од столбовите на мирот на Балканот, ги привлекува сите тие државници од највисок ранг, па до нивнк изасланици, министри за надворешни работи и тн, да доаѓаат во Македонија.

Сега се случува следното што неможе да биде трајна практика. Без договор, без претходно најавување, попладне или навечер ќе ми соопштат дека утре доаѓа тој и тој министер во толку и толку часот и бара да го прими премиерот во толку часот, претседателот во толку часот, тој министер во толку часот и тн., и се тоа преку ноќ треба да се организира. Обично тоа сега се случува во сабота и недела. На сите овие државници кои ги спомнав им ги изложив проблемите со кои сме соочени, им ги образложив мерките што ги преземаме, но ги истак-нав и нашите непосредни и подолгорочни очекувања од нив за помош и поддршка на таква Македонија какви они сега ја ценат. Повеќето од нив се обврзаа, не само за директна помош, но и за сопствено меѓународно ангажирање за преземање на дел од бегалците во други земји. За жал тие обврски засега ги извршуваат, можеби ќе пропуштам некоја земја со мал број земени бегалци. Тоа се Германија, Турција, и уште една трета земја која сега неможам да ја спомнам. Сите ја истакнаа заложбата на нивните земји

односно организации, доколку се работеше за одредени меѓународни организации дека стабилноста и безбедноста на Македонија денес е клучното прашаше на Балканот и дека тоа не смее да се доведе во некаква непосредна опасност. Некои во таа смисла и вербално се обврзаа да ја гарантираат македонската безбедност. Само да додадам дека со некои државници имав и активна преписка во врска со овие прашања.

Да заклучам на крај од ова излагање. Од интерес за Македонија како и за целиот регион е што побрзо постигнување договор за Косово и прекин на сите воени дејствија. Ги поддржуваме напорите на меѓународната заедница што ги прави во таа насока. Решението треба да биде такво што ќе овозможи да отпочне демократизирањето на Сојузна Република Југослвија и нејзинот приклучуваше во мегунродните организации и прекш на повеќегодишната изолација.

Проблемот во регионот не се секогаш онака како што го гледаат некои фактори од надвор. Се покажа при распаѓањето на Југославија дека имале многу различни па и погрешни претстави за тоа што е Југославија, а да не говорам сега што е Балканот. Балканот е измешан етнички, културно, религиозно, јазично и слично. Но, тоа само по себе не е причина за конфликт. Во регионот постојат огромни дебаланси во економскиот развој и во нивото на политичката демократизација ан општеството. Тука се проблемите и тука треба да се бараат решенијата. Тие не можат да бидат еднакви за сите или дел од некаков регионален пакт за; кој сега пак се зборува. Потребна е поддршка на секоја земја опединечно во патот што го изодува до целосна европска интегација кое, како што сум истакувал повеќе пати е единственото решение за регионот, а не неговата изолација. Мора еднаш да престане на Балканот да се гледа како на извор ан конфликти, на постојана грижа на меѓународната заедница, трошење на пари, ангажирање на армии и тн., а Балканот останува каков што е. Па тоа е и ѓлавниот аргумент зошто треба да се почека за влегувањето на уште некои земји од Балканот во Европската унија. Ако влезете, вие тоа заслужувате по она што сте го направиле. Меѓутба, вие носите со себе проблеми кои ќе ги внесет во Европската Унија и она со тоа ќе се обременува. Се разбира на тоа не е тешко да се одговори. До 1945 година имаше и стогодишна и дваесет годишна војна и две светски војни и многубројни други војни, токму меѓу тие земји кои се сега столбови на Европскат Унија, Германија, Франција, Велика Британија и земјите околу нив и сега претставуваат една заедничка асоцијација која, еве дојде и до единствена валута, бидејќи единствената валута значи и координирање на економските полшгики на тие земји. Тогаш врват по патот,еден ден тоа да биде федерација на Европа.

**КИРО ГЛИГОРОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Мислам дека од таа Европска Унија според замислата иа основачите на Унијата, кои тоа го започнаа со Заедницата за јаглен и челик, па потоа имаше Европска платна унија, па Европска заедница, па Европска Унија, се дојде до заедничка валута. Нивната идеја беше Европа да биде дом на сите. Тоа значи дека не може ни Русија да се исклучи од тој процес и да се гледа постојано од друга страна и како главен непријател на западните земји, на НАТО итн; Треба и нејзе да и се пружат шанси да може да го изоди тој пат. Тогаш ќе ја имаме остварено таа идеја Европа да биде дом на сите, но со таа идеја, тогаш ќе се решат и националните прашања кои сега постојат не само на Балканот, постојат во цела Европа.

По сите воени дејствија ќе мора да бидат изнајдени економски мерки. Често пати сега на разни симпозиуми и округли маси ќе се спомне од некои умни глави, научници, професори дека сега е правиот момент за еден мал маршал план за Балканот за да тој се оспособи да биде како би можел да ги примени сите стандарди на Европската Унија и НАТО. Но, ни еден од одговорните државници не се залага за таа идеја. Јас знам дека и они имаат многу проблеми. Не може и они да се одвојат, да заборават на стапката на невработеност, на она што стана со азиската криза, нејзините реперкусии итн. Сите имаат планови за развој во XXI-от век, но уште повеќе постојат потреби 1945 година секој сам да се грижи што ќе стори за да излезе од војната што поздрав, што пообновен. Но заклучија дека

тоа е можно да го направат само со заеднички сили. Мислам дека е времето тоа сега за нас но и за Балканот. Нашите луѓе се чувствуваат стеснети во земја во која од исток на запад од југ на север, тие 200 км. и затоа некои уште жалат или сентимално размислуваат да може да патуваат до Љубљана, до Јадранот итн., во една територијална поширока целииа, отколку што сме сега. Тоа може да се реши само со таа политика на лостојано. девалвираше на значењето на државните граници како некаква пречка луѓето слободно да се движат, се повеќе да стануваат формални. Тогаш и нашиот национален проблем ќе шад друг вид. Тука го гледам решениеto на тоа прашање, а не со некои територијални претензии и со некои војни и слично на тоа. Дали тоа ќе биде како посебен план за Балканот, или како ќе се вика не е ни битно, но тој план е неопходен и мислам дека ние мораме да пледираме за тоа, мораме да го истакнуваме на сите наредни, значајни средби на кои ќе бидеме присутни дека тоа е лекот за да се менува Балканот, да не биде постојана грижа на европските земји и да не треба како сега да бараат воените власти во Америка 4 милијарди долари од Конгресот да им се дадат за да може да продолжи војната на Косово. Тоа се огромни средства кои би можеле да бидат употребени за економски напредок, да дадат голема релаксација за односите на Балканот и поголемо разбирање.

Според тоа идејата за целосна интеграција на Балканот, како што сум истакнувал и повеќе пати, се единственото решение за регионот а не неговата изолација. А таа изолација трае практично цел овој век. За сите воени дејствија ќе мора да бидат изнајдени економски мерки кои ќе ги санира последиците што земјите во регионот ги трпат уште сега во прекинувањето на постигнатите зделки со партнери од запад, во претпазливоста на други дали да инвестираат токму тука со оглед на настаните, а особено по прекинувањето на комуникациските врски со бомбардирањето од страна на НАТО врз цели на СР Југославија.

Република Македонија отсечена од својот партнер и останува користењето на Солунското пристаниште, толку колку што можеме да го користиме, но директниот пат кој не води во срцето на Европа сега е прекина со сите последици кои сега ќе ги почувствуваме подолго време, дури сите тие комуникации не се обноват.

Алтернативните патишта за кои сега се борат и се мачат нашите стопанственици се со ограничена пропустливост и истовремено бараат големи транспортни трошоци. Пред некој ден еден од нашите стопанственици дојде со конкретна сметка, еве ќе ти кажам овие 10 клучни производи од моето претпријатие колку ме чинат, колку е нивната цена на чинење, а гледајте ги сега транспортните трошоци за да стигнам некаде, до Германија или до Америка итн. Тогаш човек гледа дека транспортните трошоци на повеќе артикли се поголеми од цената на чинењето на самата стока. Тоа ја убива нашата конкурентна способност, па неѕзнам колку да се бориме за продуктивноста. Но тоа е прашање кое допрва ќе се отвора и ќе треба да се решава, како и ова прашање, иако и ова прашање е предмет на разговорите што ги имаме со некои од странските државници. И навистина за самиот крај уште само нешто.

Трајната определба на Република Македонија е интеграција во НАТО и во Европската Унија и тоа е наша цел и она ни за јота не е променета. И натаму постои, длабоко сум убеден во целиот народ, поддршка на тоа, на таа ориентација. Протестите што во почетокот на воените дејствија на НАТО врз СР Југославија се случија, особено во некои наши градови не ги гледам како израз на анти натовско расположение.

**КИРО ГЛИГОРОВ**: (Продолжение)

Тоа повеќе повеќе израз на една општа психоза, од страв, несигурност, неизвесност кај нашиот човек, предизвикана од константните закани дека Белград ќе одговори со напад врз силите на НАТО стационирани во Република Македонија, со заканувачкиот налет на бран бегалци, со одбивањето од страна на НАТО да одговори на барањата на Република Македонија за писмени гаранции за

нашата земја и нејзината сигурност и слично.

По тие први моменти, сепак, преовлада она што секогаш била одлика на нашиот народ, чувството на разум. Дејствата што г-динот Милошевиќ ги презеде против Албанците на Косово не се решение за проблемите во сферата на меѓуетничките односи. Мислам дека токму тоа е она што нашиот народ многу добро го знае. Затоа, Република Македонија избра нешто друго за своја иднина взаемно почитување, без оглед на национална или верска припадност или културни разлики.

Република Македонија се најде во опасност и не е многу ако кажам и скоро катастрофална ситуација, не по своја вина. Таа не е учесник во оваа војна. Таа состојба не доведува до точка кога можеме да ја преминеме црвената линија и директно да бидеме вовлечени во војна што не е наша ниту желба, ниту цел, ниту тоа има било каква смисла.

Надминувањето на последиците од ова е приоритетна задача на сите, без исклучок би рекол. Република Македонија може и мора да ги надмине тешкотиите, потпирајќи се пред се на сопствените сили. Но, инсистираме и на реални, ефикасни мерки што мора да ги presеземе Меѓународната заедница.

Ќе го сумирам она што го говорев, бараме и очекуваме ангажираше на меѓународните фактори на следните активности:

- во финансиска, материјална и техничка помош на Република Македонија;
- во преземањето на делот од бегалците;
- отпишување на дел од долговите кон странство или барем одложување на обврските за отплата на долговите во текот на оваа

и наредната година, а тоа взаемно претставува сума од близу 370 милиони долари за двете години;

- и на крајот, бараме подобрување на пристапот на

македонските производи на пазарите на државите членки на Европската унија и НАТО и

- на крајот или прво, гарантирање на безбедноста и територијалниот интегритет на Република Македонија од страна на Алијансата.

Почитувани пратеници,

Искрено ви благодарам на вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на Претседателот за неговото обраќање.

Ја заклучувам Седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Собранието ќе продолжи со работа по преостанатите точки од Петнаесеттата седница на Собранието по пауза од 30 минути.

(Седницата заврши во13,15 часот)